**Преземено од репортажи за Скопје**

***Како што одминувало времето така и скопјани ја имале можноста да бидат уживатели на луксузни и потребни превозни и сообраќајни средства, започнувајќи од пајтонот, кој им бил достапен прво на најбогатите скопски семејста, потоа и на патниците, шпедитерските коли, железничкиот сообраќај, автомобилите, па авио сообраќајот.... Скопје, низ времето и секогаш во трендот на возилата...***

**(Четврти Дел)**

**Авионски сообраќај**

Како најново и најсовремено превозно средство, авионите последни биле вклучени во сообраќај во Скопје. Аеродромот бил наречен “Скопје”, а се наоѓал сосем на крајот од градот, кај денешната населба “Аеродром”. Првиот патнички авион слетал во Скопје на 15 јуни 1928 год. Авионот бил од типот “Потез-29”, а превезувал 5 патници.



*Аеродромската зграда на аеродромот “Скопје”*

Во 1929 год. била воспоставена авионска линија Солун- Скопје-Белград. Времето на тргнување било така планирано што на патниците и трговците од Солун им овозможувало заштеда во време. Авионите поаѓале од Скопје во 7ч. наутро, па патниците кои од Солун доаѓале во 5,45ч. можеле да продолжат за Белград. Во Белград

на патниците им бил овозможен престој од 6 часа. До аеродромот “Скопје” сообраќало посебно возило кое тргнувало од пред кафеаната “Маргер” во 6,15 наутро. Билетот за превоз од аеродромот бил бесплатен, бидејќи тој  бил пресметан во авионскиот билет. Билетот се купувала во Француско-српската банка или во агенцијата на аеродромот. За релацијата Скопје-Белград билетот чинел 450 динари, а повратниот кој важел 3 дена, 800 динари. Повластен билет можеле да користат државните чиновници, резервните офицери и офицерите. Секој патник можел да понесе 15 кг багаж бесплатно. Во прво време, најголем број од патниците биле мажи.

На редовната линија Скопје-Белград сообраќало друштвото за авио-сообраќај “Аеропут”. Неговите пилоти биле многу вешти на што укажува и фактот дека немало авионски несреќи. Тоа биле пилотите Стрижевски, Јарошенк, инженер-конструктор Станисавлевиќ и др.

Во 1930 год. била воспоставена линијата Скопје-Солун. Поради добрите резултати во 1934 год. од 1 мај 1935 год. се вовела секојдневна врска на оваа релација. Цената на билетот за оваа линија изнесувала 250 дин.

Аеродромот во Скопје имал своја слава “Св. Илија” која ја прославувале секоја година на 2 август. На прославите присуствувале војската, цивилната власт и голем број граѓани. Во црковниот обред чинодејствувале свештеници од сите главни вери.



*Авион на спортскиот аеродром*



АЕРОДРОМ „СКОПЉЕ„

ПРОСЛАВИЋЕ
2 АВГУСТА Т. Г. СВОЈУ

СЛАВУ СВ. ПРОРОКА ИЛИЈУ

на коју ми је част позвати

Вас СКОПСКО НАУЧНО ДРУШТВ

Бр. 85

Скопље 28/VII 1938

Богослужење и сечење колача у 9 часова на аеродрому Скопље. Поподне у 17 ч. војничко весеље.

Домаћин
ваздухопловни пуковник
ВЛАДИМИР Т. КЉАИЋ